**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 02-2528/1
29.04 **2014 година**
**С к о п ј е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 152, ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14 и 44/14), Заклучокот, бр.02-4936/2 од 18.12.2013 година, донесен во врска со Пресудата, ТСЖ.бр.-1259/13 и Извештајот на Комисијата за прегледување на преостанатите телевизиски проекти, финансирани од средствата од радиодифузна такса наменети за програми од јавен интерес, бр.09-1739/1 од 21.03.2014 година, во согласност со Налогот за исплата на средства според договорите за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес, бр.09-1739/2 од 24.03.2014 година и Заклучокот на Агенцијата, бр.02-2499/5 од 29.04.2014 година, на 27-та седница одржана на 29.04.2014 година донесе:

**ОДЛУКА**

1. На Трговското радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, во согласност со точка 9, потточка 9.1 од Договорот за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес – емисијата/серијата „Уа Чавар", склучен помеѓу Советот за радиодифузија (сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и радиодифузерот, бр.09-3668/1 од 09.11.2009 година и бр.251-09 од 09.11.2009 година, да му се исплати втората рата за проектот, во износ од 91.500,00 денари, поради тоа што тој е предаден и прифатен од страна на Агенцијата.

2. Исплатата на износот од точка 1 од оваа одлука, ќе се изврши на следниот начин, и тоа:
   - дел од средствата за втората рата за проектот, ќе се пребие од пресметаниот надоместокот за дозволата за телевизиско емитување (бр.07-187 од 28.05.2013 година), за периодот од 2013-2014 година, кој радиодифузерот е должен да го плати на Агенцијата, врз основа на фактура која ќе му биде издадена од страна на Агенцијата, и
   - остатокот од средствата од втората рата за проектот, Агенцијата ќе ги уплати на жиро сметката на ТРД ТВ СВЕТ Свети Николе, по извршеното напред наведено пребивање од точка 2, алинеја 1 на оваа Одлука.

3. Ова одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со Одлуката на Владата на Република Македонија за распределба на средствата од радиодифузна такса наменети за финансирање радио и телевизиска програми од јавен интерес бр. 19-71 од 2-ри јуни 2005 година („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2006), помеѓу Советот за радиодифузија на Република Македонија, (сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, склучен е Договор за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес, бр.09-3668/1 од 09.11.2009 година и бр.251-09 од 09.11.2009 година.

Советот за радиодифузија (сега Агенција) со Тужба, бр.03-4387/1 од 23.08.2012 година, пред надлежниот суд, поведе парница против ТРД „ТВ Свет" ДОО Свети Николе, за раскинување на склучениот договор за финансирање на телевизиска програма од јавен интерес - проектот „Уа Чавар" (1x30 минути) и за враќање на аконтативно исплатените средства во износ од 91.500,00 денари, со законска затезна односно казнена камата.

Поведената судска постапка по преземањето на сите процесни дејствија заврши (Пресуда, ТСЖ.бр.-1259/13 од 21.11.2013 година), така што тужбеното барање на Советот (сега Агенција) се одби како неосновано.

Со оглед на исходот на постапката (како на оваа, така и на останатите судски постапки за проектите од јавен интерес), Советот (сега Агенција) донесе Заклучок, бр.02-4936/2 од 18.12.2013 година, да се формира Комисија која ќе ги прегледува доставените проекти, така што краен рок за реализација на договорите за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес да биде 30.04.2013 година.

Врз основа на Извештајот на Комисијата за прегледување на преостанатите телевизиски проекти, финансирани од средствата од радиодифузна такса наменети за програми од јавен интерес, бр.09-1739/1 од 21.03.2014 година, се утврди дека се исполнети се условите за исплата на втората рата за пректот "Уа, Чавар„ односно дека овој проект е оценет дека ги задоволува основните технички и програмски стандарди и дека го содржи потребното ниво за емитување на телевизиските станици во Репбулика Македонија.

Следствено на претходното, даден е Налог за исплата на средства според договорите за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес, бр.09-1739/2 од 24.03.2014 година, согласно кој исполнети се условите на ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, да му се исплати втората рата за проектот "Уа, Чавар„ во износ од 91.500,00 денари.

Со оглед на тоа, се одлучи на ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, во согласност со точка 9, потточка 9.1 од Договорот за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес – емисијата/серијата „Уа Чавар", склучен помеѓу Советот за радиодифузија (сега Агенција), бр.09-3668/1 од 09.11.2009 година и бр.251-09 од 09.11.2009 година, да му се исплати втората рата за овој проект, во износ од 91.500,00 денари, поради тоа што проектот е предаден и прифатен од страна на Агенцијата.

Исплатата на износот од точка 1 од оваа одлука, се утврди дека ќе се изврши на начин што дел од средствата за втората рата за проектот, ќе се пребие од пресметаниот надоместокот за дозволата за телевизиско емитување (бр.07-187 од 28.05.2013 година), за периодот од 2013-2014 година, кој радиодифузерот е должен да го плати на Агенцијата, врз основа на фактура која ќе му биде издадена од страна на Агенцијата, а остатокот од средствата од втората рата за проектот, Агенцијата ќе ги уплати на жиро сметката на ТРД ТВ СВЕТ Свети Николе, по извршеното напред наведено пребивање од точка 2, алинеја 1 на оваа Одлука. ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе со допис бр.14-733 од 28.04.2014 година доставен до Агенцијата (наш бр.09-2512/1 од 28.04.2014 година), даде согласност за ваквиот начин на исплата на износот на втората рата за предметниот проект.

Врз основа на сето понапред наведено, се одлучи како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Доставено до:**
- Секретаријатот на Агенцијата - архива;

- Секторот за правни работи;
- Секторот за економско-финансиско работење;
- Радиодифузерот на кој се однесува одлуката;
- Комисијата за прегледување на телевизиските проекти.